Semmelrock
stein+design

БЕХАТОН

# VENETIA комбинирана форма



40 x 40 40 x 20 20 x 20



Во еден ред на Venetia павер елементи ги има следниве формати:
2 парч. 40 x 40 cm
6 парч. 40 x 20 cm
4 парч. 20 x 20 cm
Дебелина на павер елементи: 6 cm

| | |
|---|---|
| **Бои, изглед и обработка на површината** | **Боја:** лава црвена, лава сива, сиво-црно бело прошарана<br>**Површина:** структурирана, colormix<br>**Поставување:** рачно |
| **Карактеристики на производот** | Venetia е модел на бехатон со уникатен и природен изглед. Со топли и прошарени бои, благодарение на специјалната технологија за нанесување на трајно постојани бои. Профилираната површина и прошараните бои го прават луксузен и посебен.Рабовите на бехатонот се брановидни, без закосување, односно нагласен раб што овозможува изведба на фуги со ширина 3-6 мм.<br><br>**Рабови:** без закосување |
| **Области на примена** | Venetia бехатонот се применуваат за тераси, пристапни патишта, дворови, паркинзи и градинарски патеки.<br>**Носивост на површината**: Погодно за автомобили со соодветно поставување и подготовка на подлогата. |
| **Предности** | • Безвременски, класичен дизајн.<br>• Отпорност на негативни временски услови и издржливост.<br>• Отпорни на лизгање и абење.<br>• Отпорни на мрзнење и сол за посипување. |
| **Градежно-физички карактеристики** | Производот е во согласност со стандардот МКС EN 1339 и МКС EN 1338.<br>**Посипување со сол:** Може да се користат средства за топење мраз кои се наменети исклучиво за производи од бетон (на пример на база на NaCl). |

Технички податоци

| Номинални димензии (cm) | Производни димензии (cm) | Дебелина (cm) | Рабови | Мин.ширина на фугата | Тежина kg/m2 |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 x 40 cm | 39,9 x 39,9 | 6 cm | без закосување | 2 - 10 mm | 135,00 |
| 40 x 20 cm | 39,9 x 19,9 | | | | |
| 20 x 20 cm | 19,9 x 19,9 | | | | |

| Поставување | | Носивост на површината | | |
|---|---|---|---|---|
| рачно | машинско | пешаци | автомобил | Товатно возило |
| X | | X | X | |

Semmelrock
stein+design

БЕХАТОН

# VENETIA комбинирана форма

| | | |
|---|---|---|
| **Нега и одржување** | **Нега на површините** | **Суво и влажно чистење** При рачно чистење, се препорачува користење на меки, а не жичени четки.. |
| | **Поправка** | Кога се поставуваат на подлога од кршен камен, во секое време може да се заменат посебни павер-елементи или поголеми површини. |
| | **Одржување** | Да се внимава фугите да бидат пополнети за да се избегне пукање на рабовите. |

| | |
|---|---|
| **Боја и површина** | Отстапувањата во бојата и површината на павер-елементите се јавуваат поради употребата на природни материјали (цемент, песок и сл.) и тие не можат да се избегнат во производството. Боените павер-елементи содржат железно-оксидни пигменти отпорни на временски услови и УВ - влијанија кои исто така може да имаат мали разлики во нијансите. Исто така, атмосферските влијанија можат малку да влијаат врз промената на бојата и структурата, што им дава на павер-елементите природен изглед и патина. Овој ефект на различни бои или структури ќе дојде до израз особено на површините кои се покриени (заштитени од дожд, сонце, мраз) или непокриени - директно изложени на атмосферските влијанија. За да се постигне природен изглед на површините, потребно е при поставувањето наизменично да се земаат павер-елементи од неколку отворени палети. Според горенаведеното, разликите во бојата или структурата на павер-елементите не го нарушуваат квалитетот, и затоа за разлики во бојата и структурата не се признаваат рекламации! |
| **Отпорност на мрзнење и сол** | Semmelrock ја испитува отпорноста на сите наши производи на мрзнење и сол според стандардите МКС EN 1338, МКС EN 1339, МКС EN 1340. Сите средства погодни за бетонски производи (на база на NaCl) може да се користат за одмрзнување на површините. Други средства на база на сулфати може да ги оштетат површините на бетонските павер-елементи. |
| **Варовник** | Понекогаш на површината на павер-елементите се прават бели дамки - ова е природна појава кај бетонот. Без разлика дали е во форма на дожд или кондензација, влагата продира во телото на павер-елементите и делумно го разградува варовникот. Со тоа се создава раствор од варовник во водата кој продира во површината и како што испарува водата, варовникот останува на површината и создава бели траги, кои се привремено отпорни на плакнење. Тие не можат да се избегнат во техничката постапка, а нивниот интензитет зависи од временските влијанија (мраз, дожд, снег, ветер...). Варовникот на површината се полесно и побрзо ги мие атмосферските услови додека целосно несе повлече со текот на времето. Исто така, можно е да се исчистат овие дамки со средства на база на киселина. Варовникот не го нарушува квалитетот на производите на Semmelrock и затоа нема основа за поднесување рекламации. |
| **Промени на бојата** | Во некои случаи поради временските услови може да се промени бојата на павер-елементите, односно површината може да добие слаба жолтеникава или кафеава нијанса. Не можеме да влијаеме на овие промени и не примаме рекламации за промени во бојата. |
| **Пукнатини** | Во некои случаи, на површината на производот може да се појават пукнатини кои не се видливи на сувиот производ, туку само на влажната површина. Пукнатините на површината не ја намалуваат употребливоста на производот |
| **Рекламации** | Купувачите се должни оптички да го проверат квалитетот и количината на производите за време на преземањето на производите и пред поставувањето.Не можеме да прифатиме рекламации за вградени производи и преземање на дополнителни трошоци за дополнително вградување. |
| **Промени кај павер-елементите** | Кај овие павер-елементи, рабовите природно се повеќе или помалку чукнати. За време на втората фаза на производство кога павер-елементите природно се удираат една од друга, се формира бетонска прашина, така што производите во палетата може да бидат прашливи. Таа бетонска прашина исчезнува по фугирањето и под влијание на временските услови. |
| **Количини на нарачана стока** | Се препорачува при нарачката и купувањето на нашите производи да купите повеќе парчиња отколку што е потребно, за да можете да ги замените павер-плочките или плочките доколку механички се оштетат или сл. |



* Се испорачува 3 формати на палета